Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-213/3
20.03 2024 год.
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО

За спроведување на избори за претседател и
членови на факултетското студентско собрание
(во натамошниот текст избори за ФСС)

1. Изборите ги спроведува Комисија избрана, односно именувана од деканот на Факултетот, во состав од двајца професори и тројца студенти, која за сите свои активности изготвува писмени документи и ги заверува во архивата на Факултетот.
Донесените Одлуки и пропратни писма, како и гласачките ливчиња се потпишуваат од претседателот на изборната комисија, додека ова Упатство и Записниците од сите членови на изборната комисија.

2. Изборната комисија, најнапред, ги прибавува списоците од Службата за студентски прашања, со цел да се утврдат студентите кои можат да гласаат и да бидат бирани.

3. Право да гласаат, како и право да бидат избрани за членови на ФСС, имаат сите студенти запишани во тековниот семестар на учебната година во која се вршат изборите.
Право да биде избран за претседател има само редовен студент со запишан тековен семестар на учебната година во која се вршат изборите, кој ги има положено сите испити предвидени по студиската програма заклучно со третиот семестар од истата.
За избран се смета оној предложен кандидат кој освоил повеќе од половина гласови од студентите кои гласале.
Мандатот на избраниот претседател и член на ФСС е една година, со право на уште еден избор.

4. Изборната комисија за потребите на реализација на собирите на студенти по години, студиски програми или циклуси на образование, со Одлука формира поткомисии, кои имаат за задача да нотираат предлози за кандидати за избор на претседател и членови на факултетското студентско собрание.
Предлагањето членови од претходниот став е во закажаните термини согласно Одлуката на деканот за спроведување на изборите, за секоја година и студиска група, односно циклус на образование поединечно, од студентите кои припаѓаат на таа година, студиска програма или циклус на образование.
Предлагањето на кандидатите е јавно.
Предложените кандидати од страна на формираните поткомисии се нотираат во однапред подготвени Листи, во кои се назначува годината, односно студиската програма или циклусот на образование и името и презимето на предложениот кандидат од истите со број на неговиот индекс.
Воглавном, потребно е да се предложи барем еден кандидат плус од бројот на кандидати кои се избираат.
Листите со предлог кандидати се потпишуваат од сите членови на поткомисијата и до претседателот на изборната комисија се доставуваат преку архивата на Факултетот.

5. Изборната комисија, по добивањето на листите, со Одлука ги утврдува

исполнетоста, односно неисполнетоста на условите на предложените кандидати за претседател или членови на ФСС.
Донесената Одлука е конечна.

6. Изборната комисија ова Упатство и Одлуката од т. 4, ги објавува на ВЕБ страната на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

7. До денот на одржување на изборите, Изборната комисија:
- ги подготвува гласачките ливчиња, и тоа поединечни гласачки ливчиња како за претседател така и за членови на ФСС по години, студиски програми или циклуси на образование и
- обезбедува параван и пенкало за гласање, како и гласачка кутија во која ќе се оставаат пополнетите гласачки ливчиња.

8. Во секое од поединечните гласачки ливчиња, се внесуваат по азбучен ред презимето и името на сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите согласно донесената Одлука од т. 4.
Во истото се наведува дека начинот на гласање се врши со заокружување на редниот број на само еден од предложените кандидати, без никакво друго обележување на гласачкото ливче, со исклучок на студиската група библиотекарство каде се гласа за двајца од предложените кандидати.
Во гласачкото ливче се истакнува напомена дека за неважечко ќе се смета секое гласачко ливче кое ќе биде пополнето поинаку од начинот на кој е утврдено во истото или обележано на било кој друг начин.
На секое гласачко ливче на крајот се става оригинал архивски печат на Факултетот и потпоис од претседателот на Изборната комисија.

9. Изборната комисија ги спроведува изборите за гласање за претседател и членови на ФСС, кои се тајни и непосредни, на денот утврден со Одлуката на деканот за спроведување на истите.

10. За текот на постапката на изборите се води посебен записник во кој се утврдува:
- денот, местото и часот на одржувањето на изборите;
- составот на Комисијата;
- бројот на вкупно излезени гласачи од наведените во прибавените списоци;
- бројот на неважечки и важечки ливчиња,
- бројот на гласови за секој од предложените кандидати, истакнати на гласачкото ливче и
- доколку има присуство на набљудувачи, нивното име и презиме и местото од кое доаѓаат .

На крајот се констатира кој од предложените кандидати е избран.

11. Врз основа на констатацијата за бројот на гласови, изборната комисија донесува

Одлука со која се утврдува кој од предложените кандидати е избран за претседател, односно за член на ФСС од соодветната година, студиска програма или циклус на образование.
Одлуката изборната комисија, преку архивата на Факултетот, ја доставува до деканот на Факултетот.
Деканот на Факултетот, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на изборите, закажува конститутивна седница на ФСС.

12. Доколку сметаат за потребно од д страна на студентите, за време на спроведувањето на изборите за претседател и членови на ФСС, можат да се постават набљудувачи на процесот од нивните редови или да бидат поканети набљудувачи од некоја невладина организација.

Претставниците набљудувачи треба да се пријават кај претседателот на изборната комисија, со цел да бидат нотирани во Записникот за спроведувањето на изборите за претседател и членови на ФСС.

____________________________
Проф. д-р Лулзим Алиу

____________________________
Проф. д-р Весна Хорватовиќ

____________________________
Студент Ангела Фичуроска

____________________________
Студент Арта Ибраими

____________________________
Студент Мерве Пашо